UPRAVEN SUD NA
REPUBLIKA SEVERNA
MAKEDONIJA Skopje
2026.11.23 14:08

УПРК.бр.7/2025

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Лулзим Салиу - претседател на советот, Благородна Аранѓелова и Билјана Никодиновска Петровска - членови на советот, со записничар Кристина Николовска Георгиевска – судски референт, решавајќи по тужбата на тужителот ДПТУ КАЗ ГРУП ДОО Илинден и управител Катерина Здравеска од Скопје, изјавена против Заклучокот на Комисија за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, ПП.бр.09-11/15 од 17.04.2025 година, по основ на прекршок од конкуренција, вредност на спорот 3.399.800,00 денари - статусен, по одржаната усна јавна расправа на ден 10.11.2026 година, во присуство на полномошникот на тужителот Јасмина Дамеска, претставникци на туженият орган овластено лице Соња Дејанова Лапе и овластено лице Кристина Петрова и полномошник адвокат Благоја Пеповски од Скопје за заинтересираното лице ДПТ Техноскоп ДООЕЛ Скопје, согласно член 58 и член 59 став 1 од Законот за управните спорови, на ден 13.11.2026 година, ја донесе и јавно ја објави следната:

П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот ДПТУ КАЗ ГРУП ДОО Илинден и управител Катерина Здравеска од Скопје поднесена против Заклучокот на туженият орган Комисија за одлучување по прекршок при Комисија за заштита на конкуренцијата ПП.бр.09-11/15 од 17.04.2025 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Барањето на полномошникот на заинтересираното лице ДПТ Техноскоп ДООЕЛ Скопје, за надомест на трошоците во постапката во износ од 10.920,00 денари, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

О б р а з л о ж е н и е

Со оспорениот Заклучок означен во изреката на пресудата, е предвидено дека барањето за поведување на прекшочна постапка ПП.бр.09-33/1 од 01.08.2024 година,иницирано врз основа на барање бр.03-84/1 од 29.02.2024 година и бр.03-84/2 од 06.03.2024 годна, доставено од Друштво за происвзодство, трговија и услуги КАЗ ГРУП увоз-извоз ДОО Илинден, претставувано преку управител Катерина Здравеска, против Друштво за производство и трговијас ТЕХНОСКОП ДОООЕЛ Скопје, заради утврдување на евентуален прекшок од член 59 став 1 слинеја 2, а во врска со член 11 од Законот за заштита на конкуренцијата, се отфрла.

страна дека покрај нив застапници биле друга компанија во Македонија и официјален допис од ХУОД во кој наведуваат дека ТЕХНОСКОП не е нивни застапник во РСМ, кој е даден од застапникот на ХУОТ во Србија, не баш претставниците од Франција туку застапници во Србија, при тоа не ги земал воопшто во предвид нивните доставени докази. Предложи тужбеното барање на тужителот да се усвои, Заклучокот донесен од страна на туженият орган да се поништи.

Претставник на туженият орган Соња Дејанова Лапе изјави дека КОП - туженият орган во целост останува при наводите изнесени во одговорот на тужбата и смета дека тужбата била неоснована. Имено, од прибавените докази јасно произлегувало дека ТЕХНОСКОП не е екслузивен застапник за производителите ЏОРЛ ФИШЕР од Швајцарија и ХУОТ од Франција, ниту дека поседува овластување за екслузивен третман. Дополнително, со непосреден увид во документацијата од јавната набавка по Олгас бр.16299 од 2023 година, КОП утврдил дека гаранциите за квалитет на спорните производи биле издадени од самите производители, а не од ТЕХНОСКОП. Со ова нагласува дека не се потврдиле тврдењето на тужителот дека на другите понудувачи им бил обеезбеден поинаков третман во однос на тужителот. Дополнително, од извршениот увид во ЕСЈН КОП утврдил дека гаранциите за квалитет на спорната јавна набавка на сите ученици во набавката им биле изддаени од самите производители. Од предметната документација произлегувало дека и другите ученици во јавната набавка ги приложиле потребните докази за исполнување на условите предвидени со техничката спецификација за предметната јавна набавка, како и гранциите за квалитет издадени од самиот прозводител. Истакнува дека во однос на наводите на тужителот дека КОП имала законски основ да прибира податоците и докази согласно член 40 од ЗЗК, токму со цел да утврди дали псотојат услови за поведување прекршочна постапка или за отфрлање на барањето согласно член 37 од законот. Значи, прибавувањето докази претставувало дел од претходна оцена дали воопшто посоти законска основа за поведување на преркшочна постапка, а не процесна пречка за донесување на оспориот заклучок. Сметале дека не е доволно тужителот да изрази несогласување со утврдената фактичка состојба, туку било потребно да докаже во што точно се состои незаконитоста на оспориот заклучок, како во однос на примената на материјалното право, така и во однос на постапката. На крај, предложи Судот при одлучување да ги има во предвид правните ставови изразени во пресудите: УПРК.бр.39/2025 од 26.05.2026 година, УПРК.бр.15/25 од 13.07.2026 година, како и УПРК.бр.6/25 од 08.04.2026 година. Со оглед дека истите се однесуваатт на иста правна и фактичка состојба. Од овие причини предложи судот да ја одбие тужбата како неоснована и да го потврди Заклучокот за отфрлање на туженият орган во целост.

Полномошникот на заинтересираното лице изјави дека тужбените

заклучокбр.09-11/6 од 07.03.2025 година,Решение бр.09-850/5 од 19.10.2023 година,Рамковна Спогодба за јавна набавка бр.05-1949/7 од 15.11.2022 година,Поединечен договор по рамковна спогодба бр.0507-1949/9 од 16.12.2022 година,Вешт наод и мислење бр.15/2023, Решение од Управен суд У5.бр.8/2024, пресуди на Виш управен суд УПРЖ.бр.270/2023, УПРЖ.бр.611/2017, УПРЖ.БР.349/2021, и други докази кои се доставени заедносо тужбата и спсите на предметот.

Управниот суд, постапувајќи по тужбата на тужителот го испита побиваниот Заклучок, согласно член 35 од Законот за управните спорови, па по оцена на наводите во тужбата, одговорот на тужба, списите по предметот, наводите истакнати на јавната расправа како и доказите изведени на истата утврди дека :

Тужбата на тужителот е неоснована.

Од списите на предметот е видно дека на ден 29.02.2024 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата, било доставено барање за мислење бр.03-84/1 од страна на Друштво за производство, трговија и услуги КАЗ ГРУП увоз извоз ДОО Илинден, претставувано преку управител Катерина Здравеска сега тужителот, со кое го изветиле туженият орган дека во врска со јавната набавка по оглас бр.16299/2023 од 14.09.2023 со предмет набавка на резервни делови потребни за одржување на основните водостопански објекти за наводнување и одводнување со кои управува АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост Скопје, со предмет кој имал над 300 ставки, договорниот орган, со цел да ја ограничи конкуренцијата, во соработка со застапникот на одредени стоки и избраниот понудувач, одлучиле да ја објават јавната набавка бр.16299/2023 како неделива, со единствен критериум најниска цена, но при тоа да постават услов кој само застапникот Техноскоп и неколку други понудувачи на кои застапникот одлучил да им даде гаранција го исполнуваат и се рангирани како прифатливи понуди, како и дека ТЕХНОСКОП ДООЕЛ Скопје бил ексклузивен претставник на наведените производи, а производители биле Georg Fisher - Швајцарија и HUOT Франција и со тоа сега тужителот бил доведен во нерамноправна положба со другите економски оператори во текот на учеството во постапките за јавни набавким, а од причина што и покрај барањето да му биде издадена гаранција за квалитет на производите, додека на другите оператори им издал. Понатаму на ден 01.08.2024 година, од страна на КЗК до било доставено Известување ПП.бр.09-33/1 (КЗК бр.03-84/8 од 01.08.2024 година) и по разгледување на барањето Комисијата за одлучување по прекршок на седница одржана на 21.02.2025 година донела заклучок за барање податоци ПП.бр.09-11/6 од 21.02.2025 година и истиот го доставила до Техноскоп ДООЕЛ Скопје, заклучок за барање податоци ПП.бр.09-11/4 од 21.02.2025 година, кој го доставила до КАЗ ГРУП и заклучок за барање податоци ПП.бр.09-11/2 од 21.02.2025 година

и дека не постои законски основ за поведување на прекршочна постапка, бидејќи дејствието опишано во барањето не претставувало прекршок согласно законски одредби во Законот за заштита на конкуренцијата.

Оценувајќи ја законитоста на оспорениот Заклучок, Судот најде дека истиот е правилен и законит.

Согласно член 35 од Законот за управните спорови (Службен весник на РСМ бр.96/19), Судот одлучува во границите на тужбеното барање, но не е врзан со причините на тужбата.

Согласно член 37 став 1 од истиот закон, Судот одлучува по поднесената тужба, по одржана расправа, освен кога е тоа поинаку уредено со овој закон.

Согласно член 59 став 1 од истиот закон, Судот ќе го одбие тужбеното барање како неосновано, ако утврди дека постапката која претходела на оспорениот управен акт била спороведена согласно законот, дека одлуката е правилна и заснована на закон.

Согласно член 12 од Законот за општа управна постапка, Кои факти ќе ги земе како докажани одлучува овластеното службено лице по свое самостојно уверување врз основа на совесна и грижлива оцена на секој доказ посебно и на сите докази заедно, како и врз основа на утврдените факти од целокупната постапка.

Согласно член 11 став (1) и став (2) алинеја (3) од Законот за заштита на конкуренцијата (Сл.весник на РСМ бр.145/10..16/25): (1) Забранета е секоја злоупотреба на доминантна позиција од едно или повеќе претпријатија на релевантниот пазар или негов суштински дел. (2) Злоупотреба од ставот (1) на овој член особено постои во случај на: 3) примена на различни услови за исти или слични правни работи со други трговски партнери, со што се стават во понеповолна конкурентска позиција.

Ова од причини што во конкретниот случај видно од списите во предметот е дека туженият орган ги прибавил сите потребни докази и притоа извршил и увид во досието од постапката за јавна набавка по огласот бр.16299/23, а од каде неспорно се утврдува дека ТЕХНОСКОП ДОООЕЛ Скопје не бил ексклузивен застапник за производите на производителите Georg Fischer-Швајцарија и HUOT-Франција, ниту пак имал формално овластување од производителите кое би му овозможило ексклузивен третман во однос на другите претпријатија, и притоа истиот не издал гаранција за квалитет на производите од производителите Georg Fischer - Швајцарија и HUOT-Франција, на останатите учесници во постапката за јавна набавка, туку ваквиот документ им бил издаден директно од самиот производител, во случајот Georg Fischer Швајцарија и HUOT-Франција. ЖВРз основа на вака утврдените докази, Судот најде дека туженият оргна правилно постапил кога не повел прекршочна постапка против ТЕХНОСКОП ДОООЕЛ Скопје,а невденото од прична што не постојат индиции за злоупотреба на доминантна позиција на пазарот и нерамноправен третман на сега тужителот КАЗ ГРУП, во однос на другите учесници во постапката за јавна набавка, од страна на Техноскоп ДООЕЛ, а наведеното согласно одредби во Законот за заштита на конкуренцијата.

Барањето на заинтересираното лице за надомест на трошоците во постапката, судот го одби како неосновано, согласно одредбата од член 86 став 3 од Законот за управните спорови („Сл.Весник на РСМ" бр.96/19), со која е предвидено доколку судот ја одбие тужбата, секоја странка да ги сноси своите трошоци во постапката.

Врз основа на наведеното, следуваше Судот да одлучи како во изреката на пресудата, согласно член 58 и член 59 став 1 од Законот за управните спорови.

Пресудено во Управниот суд на ден 13.11.2026 година под УПРК.бр.7/2025

Записничар –судски референт
Кристина Николовска Георгиевска

Претседател на совет - Судија
Лулзим Салиу

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда е дозволена жалба во рок од 15 дена по приемот на истата, преку овој суд до Вишиот управен суд.

Пресудата да се достави на:
- тужителот,
- туженият орган
- заинтересираното лице,

UPRAVEN SUD NA
REPUBLIKA SEVERNA
MAKEDONIJA Skopje
2026.11.23 14:08

УПРК.бр.7/2025

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Лулзим Салиу - претседател на советот, Благородна Аранѓелова и Билјана Никодиновска Петровска - членови на советот, со записничар Кристина Николовска Георгиевска – судски референт, решавајќи по тужбата на тужителот ДПТУ КАЗ ГРУП ДОО Илинден и управител Катерина Здравеска од Скопје, изјавена против Заклучокот на Комисија за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, ПП.бр.09-11/15 од 17.04.2025 година, по основ на прекршок од конкуренција, вредност на спорот 3.399.800,00 денари - статусен, по одржаната усна јавна расправа на ден 10.11.2026 година, во присуство на полномошникот на тужителот Јасмина Дамеска, претставникци на туженият орган овластено лице Соња Дејанова Лапе и овластено лице Кристина Петрова и полномошник адвокат Благоја Пеповски од Скопје за заинтересираното лице ДПТ Техноскоп ДООЕЛ Скопје, согласно член 58 и член 59 став 1 од Законот за управните спорови, на ден 13.11.2026 година, ја донесе и јавно ја објави следната:

П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот ДПТУ КАЗ ГРУП ДОО Илинден и управител Катерина Здравеска од Скопје поднесена против Заклучокот на туженият орган Комисија за одлучување по прекршок при Комисија за заштита на конкуренцијата ПП.бр.09-11/15 од 17.04.2025 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Барањето на полномошникот на заинтересираното лице ДПТ Техноскоп ДООЕЛ Скопје, за надомест на трошоците во постапката во износ од 10.920,00 денари, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

О б р а з л о ж е н и е

Со оспорениот Заклучок означен во изреката на пресудата, е предвидено дека барањето за поведување на прекшочна постапка ПП.бр.09-33/1 од 01.08.2024 година,иницирано врз основа на барање бр.03-84/1 од 29.02.2024 година и бр.03-84/2 од 06.03.2024 година, доставено од Друштво за происвзодство, трговија и услуги КАЗ ГРУП увоз-извоз ДОО Илинден, претставувано преку управител Катерина Здравеска, против Друштво за производство и трговијас ТЕХНОСКОП ДООЕЛ Скопје, заради утврдување на евентуален прекшок од член 59 став 1 слинеја 2, а во врска со член 11 од Законот за заштита на конкуренцијата, се отфрла.

Незадоволен од вака донесениот заклучок тужителот на ден 02.05.2025 година, поднесе тужба за поведување на управен спор поради погрешно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право. Имено наведува дека тужителот со носење на оспорениот заклучок, ги повредил одредбите од член 42, 44 и 45 од Законот за заштита на конкуренцијата, дека селективно ги ценел доставените докази, не ги земла во предвид доказите доставени од тужотелот и го земал во предвид само Известувањето доставено од ТЕХНОСКОП ДООЕЛ Скопје, како и дека туженият орган не извел дополнителни докази во однос на утврдување на фактичката состојба. Предложи тужбата да се уважи,а оспорениот заклучок да се поништи.

Туженият орган на ден 23.05.2025 година ги достави списите по предмето и во одговор на тужба наведе дека наводите на тужителот истакнати во тужбата биле целосно неосновани, од причина што истиот постапил согласно законските одредеби од Законот за заштита на конкуренцијата во однос напредметниот Заклучок и барањето на податоците. Понатаму дека по службена должност бил извршен увид во документацијата во Бирото за јавни набавки, а од каде утврдил дека ТЕХНОСКОП ДООЕЛ не издал гаранција за квалитет на производите на учесниците во постапката за јавна набавка , како и дека ТЕХНОСКОП ДООЕЛ не бил ексклузивен застапник за производите на производителите Georg Fisher – Швајцарија и GUOT – Франција, ниту пак имал формално овластување од нив кое му давало експлклузивен третмна во однос на другите претпријатија. Предложи тужбата да се одбие, а оспорениот Заклучок да се потврди.

Постапувајќи по предметната тужба Судот закажа и одржа усна јавна расправа на ден 10.11.2026 година, во присуство на полномошникот на тужителот Јасмина Дамеска, претставникци на туженият орган овластено лице Соња Дејанова Лапе и овластено лице Кристина Петрова и полномошник адвокат Благоја Пеповски од Скопје за заинтересираното лице ДПТ Техноскоп ДООЕЛ Скопје.

На јавната расправа полномошникот на тужителот, истакна дека остануваат на наводите кои се изнесени во тужбеното барање. Сметале дека со донесување на побиваниот залучок со кој се отфрлало барањето да се поведе прекршочна постапка, туженият орган сторил повреда на член 42, 44 и 45 од Законот за заштита на конкуренција, како резултат на тоа погрешено и нецелосно ја утврдил фактичката состојба, не доставил прелиминарно известување за утврдената фактичка состојба и не закажал усна расправа, со што им се ускратила можноста да се произнесат по утврдената фактичка состојба пред да ја донесе одлуката. Второ, сметале дека одлуката ја донел само земјаќи ги во предвид доказите доставени од страна на ТЕХНОСКОП кои се сведувале на известување, дека тие не биле ексклузивни застапници за ЏОРЏ ФИШАР и ХУОТ, слика од веб

страна дека покрај нив застапници биле друга компанија во Македонија и официјален допис од ХУОД во кој наведуваат дека ТЕХНОСКОП не е нивни застапник во РСМ, кој е даден од застапникот на ХУОТ во Србија, не баш претставниците од Франција туку застапници во Србија, при тоа не ги земал воопшто во предвид нивните доставени докази. Предложи тужбеното барање на тужителот да се усвои, Заклучокот донесен од страна на туженият орган да се поништи.

Претставник на туженият орган Соња Дејанова Лапе изјави дека КОП - туженият орган во целост останува при наводите изнесени во одговорот на тужбата и смета дека тужбата била неоснована. Имено, од прибавените докази јасно произлегувало дека ТЕХНОСКОП не е екслузивен застапник за производителите ЏОРЛ ФИШЕР од Швајцарија и ХУОТ од Франција, ниту дека поседува овластување за екслузивен третман. Дополнително, со непосреден увид во документацијата од јавната набавка по Олгас бр.16299 од 2023 година, КОП утврдил дека гаранциите за квалитет на спорните производи биле издадени од самите производители, а не од ТЕХНОСКОП. Со ова нагласува дека не се потврдиле тврдењето на тужителот дека на другите понудувачи им бил обеезбеден поинаков третман во однос на тужителот. Дополнително, од извршениот увид во ЕСЈН КОП утврдил дека гаранциите за квалитет на спорната јавна набавка на сите ученици во набавката им биле изддаени од самите производители. Од предметната документација произлегувало дека и другите ученици во јавната набавка ги приложиле потребните докази за исполнување на условите предвидени со техничката спецификација за предметната јавна набавка, како и гранциите за квалитет издадени од самиот прозводител. Истакнува дека во однос на наводите на тужителот дека КОП имала законски основ да прибира податоците и докази согласно член 40 од ЗЗК, токму со цел да утврди дали псотојат услови за поведување прекршочна постапка или за отфрлање на барањето согласно член 37 од законот. Значи, прибавувањето докази претставувало дел од претходна оцена дали воопшто посоти законска основа за поведување на преркшочна постапка, а не процесна пречка за донесување на оспориот заклучок. Сметале дека не е доволно тужителот да изрази несогласување со утврдената фактичка состојба, туку било потребно да докаже во што точно се состои незаконитоста на оспориот заклучок, како во однос на примената на материјалното право, така и во однос на постапката. На крај, предложи Судот при одлучување да ги има во предвид правните ставови изразени во пресудите: УПРК.бр.39/2025 од 26.05.2026 година, УПРК.бр.15/25 од 13.07.2026 година, како и УПРК.бр.6/25 од 08.04.2026 година. Со оглед дека истите се однесуваатт на иста правна и фактичка состојба. Од овие причини предложи судот да ја одбие тужбата како неоснована и да го потврди Заклучокот за отфрлање на туженият орган во целост.

Полномошникот на заинтересираното лице изјави дека тужбените

наводи на тужителот дека од страна на туженият орган при носење на оспорениот заклучок неправилно односно не се применети законските одредби од член 40, 42,44 и 45 од Законот за заштита од конкуренција (ЗЗК) биле неосновани од причина што во конкретната правна работа туженият орган не повел прекршочна постапка согласно член 32 став 2 од ЗЗК, за да истиот биде задолжен да утврдува фактичката сосотјба согласно наведените законски одредби. Оспорениот заклучок бил донесен исклучиво по претходно испитување на барањето за поведување на прекршочна псотапка од страна на тужителот, па по прибирање на потребните податоци туженият орган согласно член 37 став 2 точка 1 утврдил деа нема индиици дека дејствијата што се наведени во барањето за поведуавње на преркшочна постапка претставувале прекршок за да може да се отпочне со содветна прекршочна постапка, па и да повел туженият орган прекршочна постапка истиот не бил обврзан да ја спорведе усната расправа, а ако не бил обврзан да ја спроведе усната расправа не бил ни обврзан да им достави до странките прелиминарен извештај за утврдување на фактичката сосотјба. Неосновани биле тужбените наводи дека туженият орган ги земал во предвид само податоците од заинтереираното правно лице ТЕХНОСКОП од причина што при претходноото испитување на барањето за поведување на прекршочна постапка туженият орган прибавил податоци како од зл - правно лице така и од тужителот, како и од АД Водостопанство односно Бирото за јавни набавки, па после тоа го донел оспорениот заклучок. Со оглед на ова сметале дека тужбеното барање не е основано, истото во голем обем располага со наводи кои биле искористени при жалбената постапка при јавната набавка, па сметале дека истото тужбено барање треба да бдие одбиено како неосновано. Предложи тужбеното барање на тужителот да се одбиено во целост како неосновано, а оспорениот заклуичок ќе остане во сила. Предјави трошоци за одржаното рочиште во висина од 10.920,00 денари солласно АТ.

Во доказна постапка Судот, изврши увид во доказите и тоа: тужбата, оспорениот Заклучок на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренција ПП.бр.09-11/15 од 17.04.2025 година, Дополнување на доставување на барани податоци бр.03-96 од 07.03.2025 година, примено во Комисијата за конкуренција на ден 15.04.2025 година, Дополнување на доставување на барани податоци бр.03-96 од 07.03.2025 година, примено во Комисијата за конкуренција на ден 20.03.2025 година, Доставување на барани податоци бр.09-11/5 од 21.02.2025 година, примено во Комисијата за конкуренција на ден 07.03.2025 година, Оглас за јавна набавка бр.02974/2023, Оглас за јавна набавка бр.09828/2023, Модел на тендерска документација за отворена постапка од АД Водостопанство на РСМ-Скопје, Известување за извршен избор на најповолна понуда до КАЗ ГРУП ДОО Илинден, Жалба до комисија за жалби по јавни набавки бр.09-1024/14 од 13.12.2023 година, Тековна состојба за Техноскоп ДООЕЛ Скопје, Одговор по основ на

заклучокбр.09-11/6 од 07.03.2025 година,Решение бр.09-850/5 од 19.10.2023 година,Рамковна Спогодба за јавна набавка бр.05-1949/7 од 15.11.2022 година,Поединечен договор по рамковна спогодба бр.0507-1949/9 од 16.12.2022 година,Вешт наод и мислење бр.15/2023, Решение од Управен суд У5.бр.8/2024, пресуди на Виш управен суд УПРЖ.бр.270/2023, УПРЖ.бр.611/2017, УПРЖ.БР.349/2021, и други докази кои се доставени заедносо тужбата и спсите на предметот.

Управниот суд, постапувајќи по тужбата на тужителот го испита побиваниот Заклучок, согласно член 35 од Законот за управните спорови, па по оцена на наводите во тужбата, одговорот на тужба, списите по предметот, наводите истакнати на јавната расправа како и доказите изведени на истата утврди дека :

Тужбата на тужителот е неоснована.

Од списите на предметот е видно дека на ден 29.02.2024 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата, било доставено барање за мислење бр.03-84/1 од страна на Друштво за производство, трговија и услуги КАЗ ГРУП увоз извоз ДОО Илинден, претставувано преку управител Катерина Здравеска сега тужителот, со кое го изветиле туженият орган дека во врска со јавната набавка по оглас бр.16299/2023 од 14.09.2023 со предмет набавка на резервни делови потребни за одржување на основните водостопански објекти за наводнување и одводнување со кои управува АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост Скопје, со предмет кој имал над 300 ставки, договорниот орган, со цел да ја ограничи конкуренцијата, во соработка со застапникот на одредени стоки и избраниот понудувач, одлучиле да ја објават јавната набавка бр.16299/2023 како неделива, со единствен критериум најниска цена, но при тоа да постават услов кој само застапникот Техноскоп и неколку други понудувачи на кои застапникот одлучил да им даде гаранција го исполнуваат и се рангирани како прифатливи понуди, како и дека ТЕХНОСКОП ДООЕЛ Скопје бил ексклузивен претставник на наведените производи, а производители биле Georg Fisher - Швајцарија и HUOT Франција и со тоа сега тужителот бил доведен во нерамноправна положба со другите економски оператори во текот на учеството во постапките за јавни набавким, а од причина што и покрај барањето да му биде издадена гаранција за квалитет на производите, додека на другите оператори им издал. Понатаму на ден 01.08.2024 година, од страна на КЗК до било доставено Известување ПП.бр.09-33/1 (КЗК бр.03-84/8 од 01.08.2024 година) и по разгледување на барањето Комисијата за одлучување по прекршок на седница одржана на 21.02.2025 година донела заклучок за барање податоци ПП.бр.09-11/6 од 21.02.2025 година и истиот го доставила до Техноскоп ДООЕЛ Скопје, заклучок за барање податоци ПП.бр.09-11/4 од 21.02.2025 година, кој го доставила до КАЗ ГРУП и заклучок за барање податоци ПП.бр.09-11/2 од 21.02.2025 година

кој го доставила до АД Водостопанство на РСМ. Понатаму на ден 06.03.2025 година, АД Водостопанство на РСМ со допис ПП.бр.09-11/8, доставил одговор на доставениот заклучок со кој дал појаснување во однос на дефинирањето на постапката како неделива и дека техничките спецификации биле дефинирани на законит начин. Дополнително на ден 07.03.2025 година Техноскоп ДООЕЛ Скопје со допис ПП.бр.09-11/9 од 07.03.2025 година, доставил одговор на доставениот заклучок во кој навел дека не е екслузивен преставник на пазарот во РСМ на производите од производителите Georg Fischer - Швајцарија и HUOT - Франција и дека немал никаков договор за ексклузивен застапник склучен со производителите и дека не издал никаква гаранција за квалитет на наведените производи на ниту еден економски оператор, додека пак на ден 07.03.2025 година, КАЗ ГРУП со допис ПП.бр.09-11/10 од 07.03.2025 година, доставил одговор во кој ги навдедува постапките з ајавни набавки во кои учествувал и за кои набавки се барала гаранција за квалитет од страна на Техноскоп ДООЕЛ Скопје, а на ден 20.03.2025 година доставил дополнување на барани податоци со податоци за други јавни набавки објавени со оглас бр.02427/2025 и оглас бр.03382/2025 кои сеуште биле во постапка на евалуација. Туженият орган по разгледување на доставените податоци и увидот во досието на спроведената постапка за јавна набавка објавена со оглас бр.16299/2023, утврдил дека Техноскоп ДООЕЛ Скопје не е ексклузивен застапник за производите на производителите Georg Fischer-Швајцарија и HUOT-Франција, ниту пак имал формално овластување од производителите кое би му овозможило ексклузивен третман во однос на другите претпријатија, а кое нешто било видно Известување од HUOT-Франција во кое се наведувало дека сите понуди и гаранции им се издавале на потрошувачите од страна на самиот производител, како и од увидот на web страната на Georg Fischer - Швајцарија каде било наведено дека на територија на РСМ има два дистрибутери без ексклузивитет и тоа Водопласт ДОО и Техноскоп ДООЕЛ. Дополнително од извршениот увид во доставените понуди од страна на економските оператори по објавениот оглас бр.16299/2023 година, утврдил дкека не бил пронајден ниту еден доказ дека Техноскоп ДООЕЛ Скопје издал гаранција за квалитет на производите од производителите Georg Fischer - Швајцарија и HUOT-Франција, односно дека сите учесници во постапката ЗН ГРУП ДЕВЕЛОПМЕНТ ДООЕЛ Скопје, ЕНЕРГОМОНТ Скопје, вклучувајќи го и ТЕХНОСКОП ДООЕЛ Скопје, во прилог на своите понуди како доказ за исполнување на условот дефиниран во точка 8.3.2 од тендерската документација, а кои биле квалификувани по овој основ доставиле документ издаден од самиот производител, во случајот Georg Fischer Швајцарија и HUOT-Франција, а не од Техноскоп ДООЕЛ Скопје. Оттука врз основа на вака утврдената фактичка сосорјба, туженият оргна утврдил дека не постоеле индиции за злоупотреба на доминантна позиција на пазарот и нерамноправен третман на подносителот на барањето КАЗ ГРУП, во однос на другите учесници во постапката за јавна набавка, од страна на Техноскоп ДООЕЛ

и дека не постои законски основ за поведување на прекршочна постапка, бидејќи дејствието опишано во барањето не претставувало прекршок согласно законски одредби во Законот за заштита на конкуренцијата.

Оценувајќи ја законитоста на оспорениот Заклучок, Судот најде дека истиот е правилен и законит.

Согласно член 35 од Законот за управните спорови (Службен весник на РСМ бр.96/19), Судот одлучува во границите на тужбеното барање, но не е врзан со причините на тужбата.

Согласно член 37 став 1 од истиот закон, Судот одлучува по поднесената тужба, по одржана расправа, освен кога е тоа поинаку уредено со овој закон.

Согласно член 59 став 1 од истиот закон, Судот ќе го одбие тужбеното барање како неосновано, ако утврди дека постапката која претходела на оспорениот управен акт била спороведена согласно законот, дека одлуката е правилна и заснована на закон.

Согласно член 12 од Законот за општа управна постапка, Кои факти ќе ги земе како докажани одлучува овластеното службено лице по свое самостојно уверување врз основа на совесна и грижлива оцена на секој доказ посебно и на сите докази заедно, како и врз основа на утврдените факти од целокупната постапка.

Согласно член 11 став (1) и став (2) алинеја (3) од Законот за заштита на конкуренцијата (Сл.весник на РСМ бр.145/10..16/25): (1) Забранета е секоја злоупотреба на доминантна позиција од едно или повеќе претпријатија на релевантниот пазар или негов суштински дел. (2) Злоупотреба од ставот (1) на овој член особено постои во случај на: 3) примена на различни услови за исти или слични правни работи со други трговски партнери, со што се стават во понеповолна конкурентска позиција.

Согласно член 40, став 1 и 2 од (1) Заради вршење на овластувањата утврдени со овој закон, Комисијата за одлучување по прекршок може со заклучок да бара од претпријатијата да достават податоци во врска со нивната економско финансиска состојба, нивните деловни односи и врски, податоци за нивните статути и одлуки, за бројот и идентитетот на лицата засегнати со таквите одлуки, како и други податоци потребни за водење на постапката. (2) Заклучокот за барање на податоци содржи правен основ, цел на барањето, точно наведување на податоците кои се бараат, рок за доставување на бараните податоци, како и тоа дека недоставувањето на податоци во бараниот рок, доставувањето на неточни, нецелосни или податоци кои можат Комисијата за одлучување по прекршок да ја доведат во заблуда претставува прекршок, согласно со членот 61 од овој закон.

Според наоѓање на Судот, од утврдената фактичка состојба пред туженият орган, врз основа на целокупните списи по предметот и доказите, а имајќи ги притоа во предвид цитираните законски одредби и наводите истакнати во тужбата, произлегува дека туженият орган правилно ја утврдил фактичката состојба врз чија основа правилно го применил материјалното право.

Во конкретниот случај при одлучувањето туженият орган правилно ги применил горе цитираните законските одредби кога врз основа на истите го донел оспореният Зкалучок ПП.бр.09-11/15 од 17.04.2025 година со кој правилно постапил кога одлучил да го отфрли барањето за поведување на прекшочна постапка ПП.бр.09-33/1 од 01.08.2024 година, иницирано врз основа на барање бр.03-84/1 од 29.02.2024 година и бр.03-84/2 од 06.03.2024 година, доставено од сега тужителот ДПТУ КАЗ ГРУП увоз-извоз ДОО Илинден, против ДПТ ТЕХНОСКОП ДОООЕЛ Скопје, заради утврдување на евентуален прекршок од член 59 став 1 слинеја 2, а во врска со член 11 од Законот за заштита на

Имајќи ја предвид ваквата правна и фактичка состојба на работите по предметот произлегува дека одлуката на туженият орган е правилна и законита, а тужбата неоснована.

При одлучувањето, Судот ги ценеше тужбените наводи на тужителот истакнати во тужбата како и наводите истакнати на одржаната расправа, дека тужителот со носење на оспореният заклучок, ги повредил одредбите од член 42, 44 и 45 од Законот за заштита на конкуренцијата, дека селективно ги ценел доставените докази, не ги земла во предвид доказите доставени од тужотелот и го земал во предвид само Известувањето доставено од ТЕХНОСКОП ДООЕЛ Скопје, како и дека туженият орган не извел дополнителни докази во однос на утврдување на фактичката состојба, меѓутоа ги оцени како неосновани и без влијание за поинакво одлучување.

Ова од причини што во конкретниот случај видно од списите во предметот е дека туженият орган ги прибавил сите потребни докази и притоа извршил и увид во досието од постапката за јавна набавка по огласот бр.16299/23, а од каде неспорно се утврдува дека ТЕХНОСКОП ДООЕЛ Скопје не бил ексклузивен застапник за производите на производителите Georg Fischer-Швајцарија и HUOT-Франција, ниту пак имал формално овластување од производителите кое би му овозможило ексклузивен третман во однос на другите претпријатија, и притоа истиот не издал гаранција за квалитет на производите од производителите Georg Fischer - Швајцарија и HUOT-Франција, на останатите учесници во постапката за јавна набавка, туку ваквиот документ им бил издаден директно од самиот производител, во случајот Georg Fischer Швајцарија и HUOT-Франција. ЖВРз основа на вака утврдените докази, Судот најде дека туженият оргна правилно постапил кога не повел прекршочна постапка против ТЕХНОСКОП ДООЕЛ Скопје,а невденото од прична што не постојат индиции за злоупотреба на доминантна позиција на пазарот и нерамноправен третман на сега тужителот КАЗ ГРУП, во однос на другите учесници во постапката за јавна набавка, од страна на Техноскоп ДООЕЛ, а наведеното согласно одредби во Законот за заштита на конкуренцијата.

Барањето на заинтересираното лице за надомест на трошоците во постапката, судот го одби како неосновано, согласно одредбата од член 86 став 3 од Законот за управните спорови („Сл.Весник на РСМ" бр.96/19), со која е предвидено доколку судот ја одбие тужбата, секоја странка да ги сноси своите трошоци во постапката.

Врз основа на наведеното, следуваше Судот да одлучи како во изреката на пресудата, согласно член 58 и член 59 став 1 од Законот за управните спорови.

Пресудено во Управниот суд на ден 13.11.2026 година под УПРК.бр.7/2025

Записничар –судски референт
Кристина Николовска Георгиевска

Претседател на совет - Судија
Лулзим Салиу

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда е дозволена жалба во рок од 15 дена по приемот на истата, преку овој суд до Вишиот управен суд.

Пресудата да се достави на:
- тужителот,
- туженият орган
- заинтересираното лице,

преку полномошник адвокат
Благоја Пеповски од Скопје

Претседател на совет - Судија
Лулзим Салиу